# „На милостивите ќе им се смилува Милостивиот, бидете милостиви кон оние што се на Земјата, ќе ви се смилува Оној Кој е на небесата.“

Абдулах бин Амр, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „На милостивите ќе им се смилува Милостивиот, бидете милостиви кон оние што се на Земјата, ќе ви се смилува Оној Кој е на небесата.“
[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي وأحمد]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека оние кои се милостиви кон другите, им се смилува Милостивиот со Неговата милост која опфаќа сè, како прикладна награда. Потоа, Пратеникот, алејхис-селам, наредил да се покажува милост кон сите на Земјата – било да е човек, животно, птица или некој друг вид од суштествата. Наградата за тоа е Возвишениот Аллах да ви се смилува од над Неговите небеса.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee